Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

# Извадок на дел од дневни настани 16.01.2021

На 16.01.2021 во 00.45 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода В.И.(22) од Скопје, затоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.01.2021 во 15.45 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Д.П.(21) од Скопје, затоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.01.2021 во Струга, полициски службеници од Полициската станица Струга го лишиле од слобода Р.Ш.(29) од Струга, затоа што при претрес во домот каде што престојува, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.01.2021 во 19.40 часот на Граничен премин „Меѓународен аеродром" Скопје, полициски службеници го лишиле од слобода С.С.(18) од Скопје, затоа што при пасошка контрола и проверка било констатирано дека се наоѓа на листата со мерка „апси", по наредба од Основен суд Скопје 1. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Скопје за понатамошна постапка.

На 15.01.2021 околу 15.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „Јадранска магистрала" се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „бмв", со скопски регистарски ознаки, управувано од С.И.(40) од с.Волково, скопско, и патничко возило „нисан кашкаи", со косовски национални, управувано од Ф.К.(32) Косово. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобила С.И., констатирани во Градската општа болница „8 Септември". Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 15.01.2021 во 16.30 часот во Полициската станица Карпош, Т.П.(41) од Скопје пријавила дека на бул.„Митрополит Тедодосиј Гологанов" била касната од куче скитник.

На 15.01.2021 околу 12.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул. „Партизански одреди" велосипед, управуван од Н.Ш.(50) од Скопје, удрил во пешакот М.Ч.(62) од Скопје. Во незгодата, М.Ч. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „8 Септември". Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

ОВР Неготино поднесе кривична пријава против А.Т.(29) од Неготино, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 08.06.2020, полициски службеници извршиле преглед на А.Т. и неговото возило, при што биле пронајдени и одземени амфетамин и марихуана.

На 15.01.2021 во 23.00 часот, додека извршувале редовни работни активности, пред казино на ул.„Ванчо Прке" во Штип, полициски службеници од СВР Штип забележале нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу В.М.(19), Д.А.(27), Т.Ј.(37), К.К.(24) и А.Л.(27), сите од Штип. Полициските службеници презеле мерки за спречување на понатамошно нарушување на јавниот ред и мир, а по целосно документирање на случајот, против учесниците ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 15.01.2021 во 11.50 часот во Полициската станица Гази Баба, Д.А.(21) од Скопје пријавил дека околу 11.30 часот на ул.„Маџари" бил физички нападнат од три лица. Сочинети се записници за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 15.01.2021 во 21.15 часот во Кичево, Полициски службеници од Полициската станица Кичево го лишиле од слобода А.Ј.(24) од Македонски Брод, постапувајќи по пријава во ОВР Македонски Брод, според која околу 18.30 часот тој на ул.„Ѓорче Петров" во Македонски Брод го нарушил јавниот ред и мир. А.Ј. бил предаден во Полициската станица Македонски Брод за понатамошна постапка.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против правно лице за угостителска дејност со седиште во с.Облешево, општина Чешиново-Облешево и Д.А.(37) од с.Облешево, одговорно лице во правното лице, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 29.12.2020 во 18.35 часот, при извршена контрола од полициски службеници од ОВР Кочани во угостителскиот објект било констатирано дека тој сè уште работел и во него биле затекнати седум лица, со што пријавените ги прекршиле дополнителните рестриктивни мерки заради заштита на населението од ковид-19, кои се однесуваат на ограничување на работно време на угостителските објекти до 18.00 часот.

На 15.01.2020 во 11.30 часот во Полициската станица Радовиш, А.Ј.(18) од Радовиш пријавил дека околу 00.30 часот две лица физички го нападнале и му одзеле мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
На 15.01.2021. околу 11.00 часот во СВР Велес, 83-годишен жител на Велес пријавил дека бил измамен од едно лице за сума од 10.000 денари. Според пријавеното, лицето дошло кај него и му понудило огревни дрва за продажба, по што тој му ги дал парите. Како што е пријавено, лицето му кажало да почека половина час, но откако не се вратило, пријавителот сфатил дека бил измамен. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
СВР Куманово поднесе кривична пријава против Н.М.(17) од с.Слупчане, општина Липково, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 28.10.2020 во с.Матејче, општина Липково, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 15.01.2021 во 23.40 часот во СВР Тетово, Х.Р.(43) од с.Порој, тетовско, пријавил дека во интернет кафе во селото неговиот малолетен син бил физички нападнат од сопственикот на објектот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.01.2021 околу 17.30 часот во Полициската станица Кичево било пријавено дека на ул.„Арсо Војвода" во Кичево, М.Т.(62) од Кичево бил физички нападнат од неколку лица, при што едно од нив со пиштол му нанело прострелна рана, по што му одзеле поголема сума на американски долари, евра и денари, во разни апоени. М.Т. бил пренесен во Здравствен дом Кичево за укажување на лекарска помош. Се преземаат мерки за целосно расчистување случајот.

На 15.01.2021 во 14.30 часот во Полициската станица Драчево, 81-годишен жител на Скопје пријавил дека бил измамен од едно лице за сума од 13.500 денари. Според пријавеното, на 12.01.2021 лицето дошло во неговиот двор во нас.Морани и му понудило огревни дрва на продажба, кои биле на главниот пат во товарно возило. Исто така, според пријавата, тој му ги дал парите на лицето и тоа заминало. Откако лицето не ги донело дрвата, пријавителот сфатил дека бил измамен. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет